УП I – бр.14-3411
Датум 27.12.2016 година

Врз основа на член 6 став 14 од Законот за ветеринарно - медицински препарати ("Службен весник на Република Македонија" бр. 42/10, 136/11, 149/15 и 53/16), Комисијата за ветеринарно - медицински препарати го донесе следното

МИСЛЕЊЕ

По разгледувањето на барањето за добивање на решение за одобрение за ставање во промет на ветеринарно – медицинскиот препарат NOBIVAC®LEPTO (НОБИВАК®ЛЕПТО), врз основа на доставената документација од страна на подносителот на барањето ВИТА-ВЕТ п.п.т.у. Скопје_УП I – бр.14-3411 од 14.09.2016 година а во согласност со член 6 став (9) од Законот за ветеринарно – медицински препарати ("Службен весник на Република Македонија" " бр. 42/10, 136/11, 149/15 и 53/16) и Правилникот за форма и содржина на образецот за барањето за издавање на одобрение за ставање во промет на ветеринарно - медицински препарат, како и општите и посебните услови кои треба да ги исполни ветеринарно - медицинскиот препарат за ставање во промет ("Службен весник на Република Македонија" бр. 25/13 и 34/15), Комисијата за ветеринарно – медицински препарати донесе заклучок дека се одобрува ставање во промет во Република Македонија на ветеринарно – медицинскиот препарат NOBIVAC®LEPTO (НОБИВАК®ЛЕПТО).

Комисија за ветеринарно медицински препарати
Агенција за храна и ветеринарство